**20242394185**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 ноември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/24 и 209/24), во делот IV став (2) по зборовите „изврши посета“ се додаваат зборовите „најдоцна до 30.4.2025 година,“.

II

Во делотV став 1 точката ѓ) се менува и гласи:

„Лицата од домаќинствата кои се стекнале со потврда-ваучер за купување и вградување високо ефикасни инвертер клима уреди, ќе може да ги искористат истите само кај правните субјекти објавени во списокот од точката д) на овој дел и тоа: за купување најдоцна до 30.11.2024 година, а за вградување најдоцна до 31.3.2025 година.“

III

Во делот VI зборовите „до 31.3.2025 година’’ се заменуваат со зборовите „до 31.5.2025 година”.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-11832/5
19 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.